Ј.П. за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“
Бр.: 02-234/1
28.02. 2018 год.
Кратово

Врз основа на член 22 став 2 и член 26 став 1 од Законот за комунални дејности ( Сл. весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16 ), член 24 став 2 од Законот за Јавна чистота (Сл.весник на РМ бр. 111/08, 64/09, 88/10,114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16) како и член 21 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“ – Кратово, Управниот одбор на Јавното претпријатие „Кратово“- Кратово на седницата одржана на 28.02.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

**За определување на висината на цените на комуналните услуги што ги дава Ј.П. Кратово**

Член 1.

Со оваа одлука се определува висината на цените на комуналните услуги што ги дава Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура на корисниците на услуги .

1. Цена за собирање , транспорт и депонирање на комунален цврст отпад
   1.1. Цена за собирање , транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинства
   - станбен корисен простор .................................... 1,5 ден /м²
   - дворна површина .................................... 0,9 ден/ м²

   1.2. Цена за собирање , транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од деловни субјекти
   -деловна површина од 10 – 49 м² ......................... 15 ден/м²
   -деловна површина од 50 – 99 м² ......................... 10 ден/м²
   - деловна површина над 100 м² ......................... 6 ден/м²
   - дворна површина .................................... 1,25 ден/ м²

   1.3. Цена за собирање , транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од јавни институции, установи и здруженија на граѓани
   -за корисна површина ............................................ 2.5 ден/м²
   -за дворно место ..................... ...................... 1,25 ден/м²

   1.4. Јавна чистота .......................... 50 ден

   1.5. Утовар и изнасање на градежен шут до депонија ........ 700 ден/м³

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува важноста на Одлуката бр. 02-30/1 од 24.01. 2018 година

Член 3.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето на Управниот одбор на ЈП „Кратово“- Кратово, а ке се објави во Службен гласник на општина Кратово.

Претседател на Управен одбор
Боре Анѓеловски

ЈП за комунални дејности и инфраструктура „КРАТОВО“ Кратово

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 02.03.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање согласност за примена на Одлуката за определување на висината на цените на комуналните услуги што ги дава ЈП "Кратово"

### Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност за примена на Одлуката за определување на висината на цените на комуналните услуги што ги дава ЈП "Кратово" бр.02-234/1 од 28.02.2018 година донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 - 423/1
02.03.2018 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
КРАТОВО